С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 8 година XLIV

02 јуни 2009

182.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување -проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/1
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ичлен 45 од статутот на ЕЛС Велес (Службен гласник на општина Велесбр 12/2006 година), Советот на ЕЛС Велесна седницата одржана на 28.05.2009 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена и дополнување проширување на средствата во Буџетот на општина Велес за 2009 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување проширување на средства во Буџетот на општина Велес за 2009 година и тоа на следниот начин :

Се зголемуваат приходите на следните потставки :	Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредит
741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година	0	0	423.929	701.360	0
	0	**0**	**423.929**	**701.360**	**0**
И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки					
Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА					
401520Персонален данок на доход од надоместоци	0	0	26.762	0	0
425990Други договорни услуги	0	0	214.119	0	0
К10 БИБЛИОТЕКАРСТВО					
483290Купување на друга опрема	0	0	0	10.281	0
К30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ					
483290Купување на друга опрема	0	0	0	514.188	0
К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО					
401520Персонален данок на доход од надоместоци	-7300	0	0	0	0
420130Патување во земјата сместување	0	0	183048	0	0
421410Горива и масла (моторни возила)	10000	0	0	0	0
425990Други договорни услуги	-65000	0	0	0	0
426210Расходи за репрезентација	-10000	0	0	0	0
426990Други оперативни расходи	-17700	0	0	0	0
463110Трансфери до здруженија на граѓани и фондации	90000	0	0	0	0
Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ					
482930Реконструкција на други објекти	-140.000	0	0	0	0
483290Купување на друга опрема	140.000	0	0	0	0
Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ					
482930Реконструкција на други објекти	-60.000	0	0	0	0
483290Купување на друга опрема	60.000	0	0	0	0
В10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ					
426990Други оперативни расходи	0	0	0	176.891	0
	0	**0**	**423.929**	**701.360**	**0**

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година а ќе се објави во Службен гласник на општина Велес.

Бр. 07-2249/3
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

183.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЕ „5“, дел од урбан блок „34“ (плански опфат помеѓу улиците „Кузман Јосифовски“, улица „250“) (1,00 ха), (2009-2014) – во Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЕ „5“, дел од урбан блок „34“ (плански опфат помеѓу улиците „Кузман Јосифовски“, улица „250“) (1,00 ха), (2009-2014) – во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/2
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05 и бр.137/07) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес

По утврдувањето на Нацрт ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес ќе се спроведе Јавна анкета и Јавна презентација.

Член 2

Јавна презентација на Нацрт ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес организира Градоначалникот во просториите на Општината. Денот и часот на одржување на Јавна презентација на Нацрт планот ќе се објави во јавни гласила.

Член 3

По спроведената Јавна презентација се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2249/4
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

184.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес-локалитет:-дел од урбана единица „10“- дел од урбан блок „52“ – плански период (2009-2014)површина (3,21 ха) - Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес-локалитет:-дел од урбана единица „10“-дел од урбан блок „52“ – плански период (2009-2014)површина (3,21 ха) - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/3
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 и бр.137/07) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЕ„10" – дел од УБ„52" плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт ДУП за дел од УЕ„10" – дел од УБ„52" плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес

По утврдувањето на Нацрт ДУП за дел од УЕ„10" – дел од УБ„52" плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација на Нацрт ДУП за дел од УЕ„10" – дел од УБ„52" плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес организира Градоначалникот во просториите на Општината.

Денот и часот на одржување на Јавната презентација на Нацрт планот ќе се објави во јавни гласила.

Член 3

По спроведената Јавна презентација се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2249/5
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

185.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место,(стопански комплекс),м.в.„Среден пат" КО Башино Село, 29,97 ха (2009-2019) – Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место, (стопански комплекс),м.в.„Среден пат" КО Башино Село, 29,97 ха (2009-2019) – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/4
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 и бр.137/07) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт - Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат" КО Башино Село, 29.97ha (2009 – 2019) - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт - Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат" КО Башино Село, 29,97ha (2009 – 2019) - Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт - Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат" КО Башино Село, 29,97ha (2009 – 2019) - Општина Велес ќе се спроведе Јавна презентација.

Член 2

Јавна презентација на Нацрт - Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат" КО Башино Село, 29,97ha (2009 – 2019) - Општина Велес организира Градоначалникот во просториите на Општината.

Денот и часот на одржување на Јавната презентација на Нацрт планот ќе се објави во јавни гласила.

Член 3

По спроведената Јавна презентација се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2249/6
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

186.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за изградба на дел од локален пат Велес – село Ораовец

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на дел од локален пат Велес – село Ораовец, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/5
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.17/08),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет на проект за изградба на дел од локален пат Велес- село Ораовец

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува приоритет на проект за изградба на дел од локален пат Велес- село Ораовец согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниорт развој за 2009 година на Владата на Република Македонија.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е ревидиран основен-изведбен проект, кој со оваа Одлука ќе биде предмет на аплицирање пред Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Член 3

Реализацијата на потребните средства ќе се изврши со кофинансирање помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Општина Велес.

Средствата кои ќе ги обезбеди Општина Велес ке бидат од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година од ставката Изградба на инфраструктура во населени места.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-07-2249/7
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

187.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за повлекување на точка од дневен ред – Предлог-Одлука за утврдување на работно време на Локална библиотека „Гоце Делчев“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/6
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за повлекување на точка од дневен ред

1. Предлог-одлуката за утврдување на работно време на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, беше повлечена на самата седница од страна на предлагачот Горан Петров, градоначалник на Општина Велес.

2. Предлог-одлуката ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-2249/8
29.05.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

188.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Одборот за спас на Велес од Топилницата

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Одборот за спас на Велес од Топилницата, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/7
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на членови во Одборот за спас на Велес од Топилница

1. Со ова решение се разрешуваат дел од членовите на Одборот за спас на Велес од Топилница:

- Аце Коцевски
- Трајко Бабунски
- Славчо Чадиев
- Д-р Атанас Василев
- Дејан Гавазов
- Ефтимија Карбева Лукарова
- Д-р Блажо Атанасов
- Д-р Никола Нацев

2. За ченови на Одборот за спас на Велес од Топилница се именуваат:

- Горан Петров
- Славчо Чадиев
- Горан Здравковски

- Д-р Петре Саздов
- Драган Димески
- Мимоза Јовиќ
- Дејан Гавазов и
- Зоран Ѓорѓиев

3. Во останатиот дел Решението за формирање на Одбор за спас на Велес од Топилница донесено од Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.06.2008 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 8/08 останува непроменето.

4. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-2249/9
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

189.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2009 до 31.03.2009 година

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2009 до 31.03.2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/8
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.05.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Извештај за работа на ЈПССО „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2009 до 31.03.2009 година

1. Советот на Општина Велес не го усвои Извештајот за работата на ЈПССО „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2009 до 31.03.2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2249/10
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

190.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за вработувањата на наставници во Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ спроведено според огласот објавен во јавните гласила на ден 19.12.2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за вработувањата на наставници во Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ спроведено според огласот објавен во јавните гласила на ден 19.12.2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.05.2009 година.

Број 08-2294/9
02.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.05.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за Усвојување на Извештај за вработувањата на наставници во Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ спроведено според огласот објавен во јавните гласила на ден 19.12.2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за вработувањата на наставници во Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ спроведено според огласот објавен во јавните гласила на ден 19.12.2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2249/11
29.05.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

182	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување -проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година** **ОДЛУКА За измена и дополнување проширување на средствата во Буџетот на општина Велес за 2009 година**	**112**
183	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЕ „5“, дел од урбан блок „34“ (плански опфат помеѓу улиците „Кузман Јосифовски“, улица „250“) (1,00 ха), (2009-2014) – во Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЕ „5”, дел од Блок УБ „34” (плански опфат помеѓу ул.„К. Јосифовски, ул.„250”), (1,00ха), (2009-2014) во Велес - Општина Велес**	**114**
184	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес-локалитет:-дел од урбана единица „10“- дел од урбан блок „52“ – плански период (2009-2014)површина (3,21 ха) - Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЕ„10” – дел од УБ„52” плански период (2009-2014), површина (3,21ха) - Општина Велес**	**114**
185	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место,(стопански комплекс),м.в.„Среден пат“ КО Башино Село, 29,97 ха (2009-2019) – Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт - Урбанистички план вон населено место, стопански комплекс, м.в. „Среден пат” КО Башино Село, 29.97ha (2009 – 2019) - Општина Велес**	**115**
186	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за изградба на дел од локален пат Велес – село Ораовец** **ОДЛУКА за утврдување на приоритет на проект за изградба на дел од локален пат Велес- село Ораовец**	**116**
187	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред** **З А К Л У Ч О К за повлекување на точка од дневен ред**	**117**

Бр на акт **Страница**

188	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Одборот за спас на Велес од Топилницата** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Одборот за спас на Велес од Топилница**	**117**
189	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2009 до 31.03.2009 година** **З А К Л У Ч О Кза не усвојување на Извештај за работа на ЈПССО „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2009 до 31.03.2009 година**	**118**
190	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за вработувањата на наставници во Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ спроведено според огласот објавен во јавните гласила на ден 19.12.2008 година** **З А К Л У Ч О К за Усвојување на Извештај за вработувањата на наставници во Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ спроведено според огласот објавен во јавните гласила на ден 19.12.2008 година**	**118**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00